Друштво за производство, трговија и услуги
МЕБЕЛ ГОДИМЕНТО
Бр. 05-07/06
19.03 2025 год.
УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ ПРИЛЕП

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 03-3143/1
Датум: 13-03-2025

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки-канцелариски мебел

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ МЕБЕЛ ГОДИМЕНТО УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ ПРИЛЕП со седиште на ул.„Радовишка", бр.7/15, во Прилеп, претставувано од Даниела Димоска, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка, транспорт и монтажа на канцелариски мебел за потребите на Министерството за финансии, по спроведена поедноставена отворена постапка, по оглас бр.22866/2024.

Составен дел на овој договор се техничките спецификации со дадени ориентациони количини на канцелариски мебел (Прилог 1 кон договорот) и прифатената понуда на носителот на набавката (Прилог 2 кон договорот).

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОР

### Член 2

Вкупната максимална вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 1.500.000,00 денари.

На износ од став 1 се пресметува данок на додадена вредност во износ од 270.000,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 1.770.000,00 денари.

Договорниот орган не е обврзан да го искористи целиот износ на максималната вредност на договорот.

Член 3

Фактурирањето за испорачаниот канцелариски мебел ќе се врши според единечните цени од понудата на носителот на набавката (Прилог 2 кон договорот) со пресметување на данок на додадена вредност според пропишаната стапка.

Единечните цени се крајни, фиксни и непроменливи се до конечното исполнување на договорот и во нив се вкалкулирани сите трошоци што носителот на набавката ги има до испорака на мебелот кај договорниот орган.

## III. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИСПОРАКА

Член 4

Канцеларискиот мебел предмет на овој договор треба да биде изработен согласно со техничките спецификации и техничката понуда на носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен да го испорача и монтира канцеларискиот мебел во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на писмена порачка од договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да го испорача и монтира канцеларискиот мебел на местото кое договорниот орган ќе го определи во писмена порачка.

Канцеларискиот мебел ќе се испорачува во седиштето на договорниот орган на ул.Даме Груев бр.12 во Скопје, а за дел од мебелот може да се јави потреба од испорака и монтажа и во некоја од подрачните одделенија на Управата за имотно правни работи на територијата на Република Северна Македонија.

Порачката од став 2 на овој член треба да има потпис од овластен потписник, архивски број и печат.

Порачката треба да содржи: вид и количина на мебелот што се порачува, единечна мера, место на испорака, рок на испорака и лице за прием на мебелот.

Доколку испораката на канцеларискиот мебел – предмет на договорот од страна на носителот на набавката нема да биде во согласност со издадената порачка или истата извршена без порачка издадена од договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Канцеларискиот мебел - предмет на овој договор ќе се испорачува со испратница и/или записник потпишан/а од страна на носителот на набавката, како и од страна на лицето задолжено кај договорниот орган за квалитативен и квантитативен прием на мебелот.

Договорниот орган не е обврзан да ги порача ориентационите количини на мебелот, при што истиот ќе се порачува во рамките на максималната вредност на договорот.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Договорниот орган ќе го врши плаќањето врз основа на доставена фактура од страна на носителот на набавката, по извршената испорака и монтажа, а врз основа на писмена порачка.

Фактурата за извршената испорака се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии, ул. "Даме Груев" бр.12, Скопје.

Кон фактурата се приложува уредно потпишана испратница и/или записник од определените лица од двете договорни страни со која се потврдува извршената испорака.

Доколку доставената фактура не содржи испратница и/или записник нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја изврши испораката навремено и квалитетно согласно со прифатената понуда.

Носителот на набавката се обврзува дека канцеларискиот мебел што ќе биде испорачан ќе биде од моделот/типот, материјалот и производителот што ги посочил во понудата.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметната набавка кој е дефиниран во член 4, став 2 на овој договор.

Носителот на набавката е должен за испорачаниот мебел - предмет на договорот да достави гарантни листови со гарантен рок од 24 месеци за секое парче мебел.

Носителот на набавката се обврзува да изврши замена или поправка на мебелот што договорниот орган ќе го рекламира во гарантниот период.

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на мебелот ако ги нема потребните својства за неговата редовна употреба.

Кога по приемот на мебелот од страна на договорниот орган ќе се покаже дека мебелот има некој недостаток (скриен недостаток) што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на мебелот, договорниот орган без одлагање ќе го извести носителот на набавката.

По извршеното известување од страна на договорниот орган за констатираните материјални недостатоци, договорниот орган ќе бара од носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде на договорниот орган друг мебел без недостатоци.

Носителот на набавката е должен да достави палета на бои и материјали од кои договорниот орган ќе може да ја избере бојата на мебел - предмет на набавката.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 7

Договорниот орган се обврзува во писмената порачка да определи лице кое ќе биде задолжено да изврши квалитативен и квантитативен прием на канцелариският мебел – предмет на договорот.

### Член 8

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето за извршената испорака и монтажа ќе го врши во рокот утврден во член 5, став 5 на овој договор.

Договорниот орган го задржува правото да изврши проверка на техничките карактеристики на испорачаниот мебел.

## VII. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до негово вредносно исполнување, во зависност од тоа што прво ќе настане.

## VIII. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 10

Гарантниот период изнесува 24 месеци и започнува да тече од денот на потпишувањето на испратница/записник за квалитативен и квантитативен прием на стоките предмет на договорот од двете договорни страни, во кој период носителот на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци на испорачаните стоки, а кои настапиле поради тоа што носителот на набавката не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на материјалите и други недостатоци кои ќе се појават по вина на носителотна набавката.

Договорниот орган ќе му определи примерен рок на носителот на набавката за отстранување на недостататоците.

Доколку носителот на набавката не го отстрани недостатокот во предвидениот рок од став 2 на овој член, договорниот орган има право отстранувањето на недостатоците да го довери на друго лице, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Трошоците што ќе произлезат паѓаат на товар на носителот на набавката.

Договорниот орган има право и на надомест на штета ако носителот на набавката не постапи согласно став 2 на овој член.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% од вкупната максимална вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт од точка 1.2.1 од тендерската документација.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## X.УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 12

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 13

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 14

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 15

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XI. ВИША СИЛА

Член 16

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат

нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 18

За се́ што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 19

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 20

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 21

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>СКОПЈЕ | ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,<br>ТРГОВИЈА И УСЛУГИ<br>МЕБЕЛ ГОДИМЕНТО УВОЗ-ИЗВОЗ<br>ПРИЛЕП |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска<br>Министер за финансии | Даниела Димоска<br>Управител |

Изработил: Петрина Мале
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

ПРИЛОГ 1 КОН ДОГОВОРОТ - ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

| РБ | Опис | Ориентациони количини |
|---|---|---|
| 1 | Набавка, транспорт и монтажа на клуб фотељи од дрвена конструкција во комбинација со лесонит и иверка, обложена со тврд сунѓер со густина не помала од 30 кг/м3, тапацирана во еко кожа, боја по избор на договорниот орган, метални ногарки, со ракослони со дебелина од минимум 8см (слика прилог кон тендерска документација). | 2 |
| 2 | Набавка, транспорт и монтажа на клуб двосед од дрвена конструкција во комбинација со лесонит и иверка, обложена со тврд сунѓер со густина не помала од 30 кг/м3, тапацирана во еко кожа, боја по избор на договорниот орган, метални ногарки, со ракослони со дебелина од минимум 8см (слика прилог кон тендерска документација). | 2 |
| 3 | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна столица со наслон наменета за вработените во договорниот орган, со мултифункционален механизам со две рачки со мрежа.<br><br>Наслон изработен од мрежа, мултифункционален механизам со две рачки, раконаслоник, пневматско подесување на висината, метална хромирана звезда, гумирани тркала, седиштето обложено со тврд огноотпорен сунгер, со мрежа, анатомски обликуван, тапацирана со мебел штоф најмалку 400 грама/м2, тестирана носивост од минимум 110 кг, боја по избор на договорниот орган (слика прилог кон тендерска документација). | 140 |
| 4 | Набавка, транспорт и монтажа на фиксни столчиња за во сали за состаноци од метална конструкција санка, метална хромирана конструкција со дебелина минимум Ф22мм, дрвена едноделна школка со дебелина од минимум 10мм, тапацирана со еко кожа, тапацирани раконаслони (слика прилог кон тендерска документација). | 20 |
| 5 | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна шанк столица со наслон наменета за вработените во договорниот орган<br>-пневматско подесување на висината<br>- метална хромирана звезда<br>-гумирани тркала<br>-седиштето и наслонот обложени со тврд огноотпорен сунгер со дебелина од минимум 50 мм, анатомски обликуван<br>-тапацирано со мебел штоф најмалку 400 грама/м2<br>-тестирана носивост од минимум 110 кг | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | - можност за висинско подесување<br>- боја по избор на договорниот орган. | |
| 6 | - канцелариска закачалка за облека со метална конструкција<br>- модерен дизајн<br>- место за поставување на чадори<br>- висина минимум 170-175 см<br>- боја сива/црна<br>- куки за закачување (закачалки) минимум 6-8<br>- ногарки минимум 3 до 5<br>(слика прилог кон тендерска документација). | 20 |

Предвидените количини на мебел се максимални и договорниот орган не се обврзува да го порача мебелот во максималните количини.
Економските оператори во поглед на понудата, треба да се придржуваат до бараните технички спецификации дефинирани од договорниот орган.
Понудувачот е должен да обезбеди гарантен рок за канцеларискиот мебел од минимум 24 (дваесет и четири) месеци со гарантни листови.
Договорниот орган го задржува правото пред склучување на договор со најповолниот понудувач да побара докази со кои се потврдува дека материјалите од кои ќе се изработува мебелот се исти како што ги навел во понудата.
Договорниот орган го задржува правото во договорот кој ќе го склучи со избраниот носител на набавката, да ја избере бојата на опремата, предмет на набавката, од палетата на бои која ќе ја даде носителот на набавката.

Напомена: Сликите дадени како прилог на оваа тендерска документација се илустративно дадени и истите не се обврзувачки за економските оператори. Економските оператори во поглед на понудата треба да се придржуваат до бараните технички спецификации дефинирани од договорниот орган.

Прилог 2 кон договорот

ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на оглас објавен од страна на Министерството за финансии, за доделување на договор за јавна набавка на стоки – канцелариски мебел, со спроведување на поедноставена отворена постапка преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

## Дел I – Информации за понудувачот

**I.1.** Име на понудувачот: **МЕБЕЛ ГОДИМЕНТО увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп**

**I.2.** Контакт информации

Адреса: **ул. Радовишка бр. 7/15 Прилеп**

Телефон: **075/444-754**

Факс: **075/444-754**

Е-пошта: **mebelgodimento@gmail.com**

Лице за контакт: **Даниела Димоска**

**I.3.** Одговорно лице: **Даниела Димоска**

**I.4.** Даночен број: **4021018536856**

**I.5.** Матичен број: **7320175**

## Дел II – ТЕХНИЧКА ПОНУДА

Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка на канцелариски мебел за потребите на Министерството за финансии, во се според барањата дефинирани во техничката спецификација од тендерската документација.

| РБ | Минимум барани спецификации | Предмет со технички опис (да се даде технички опис согласно бараните спецификации<br>***Да се наведат точните димензии |
|---|---|---|
| 1 | Набавка, транспорт и монтажа на клуб фотељи од дрвена конструкција во комбинација со лесонит и иверка, обложена со тврд сунѓер со густина не помала од 30 кг/м3, тапацирана во еко кожа, боја по избор на договорниот орган, метални ногарки, со ракослони со дебелина од минимум 8см. | Набавка, транспорт и монтажа на клуб фотељи од дрвена конструкција во комбинација со лесонит и иверка, обложена со тврд сунѓер со густина од 30 кг/м3, тапацирана во еко кожа, боја по избор на договорниот орган, метални ногарки, со ракослони со дебелина од 8см |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Производител: 93 ДЕ НИ Компани<br><br>Земја на потекло: Македонија | |
| 2 | Набавка, транспорт и монтажа на клуб двосед од дрвена конструкција во комбинација со лесонит и иверка, обложена со тврд сунѓер со густина не помала од 30 кг/м3, тапацирана во еко кожа, боја по избор на договорниот орган, метални ногарки, со ракослони со дебелина од минимум 8см. | Набавка, транспорт и монтажа на клуб двосед од дрвена конструкција во комбинација со лесонит и иверка, обложена со тврд сунѓер со густина од 30 кг/м3 тапацирана во еко кожа, боја по избор на договорниот орган, метални ногарки, со ракослони со дебелина од8см . |
| | Производител: 93 ДЕ НИ Компани<br><br>Земја на потекло: Македонија | |
| 3 | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна столица со наслон наменета за вработените во договорниот орган, со мултифункционален механизам со две рачки со мрежа.<br><br>Наслон изработен од мрежа, мултифункционален механизам со две рачки, раконаслоник, пневматско подесување на висината, метална хромирана звезда, гумирани тркала, седиштето обложено со тврд огноотпорен сунгер, со мрежа, анатомски обликуван, тапацирана со мебел штоф најмалку 400 грама/м2, тестирана носивост од минимум 110 кг, боја по избор на договорниот орган. | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна столица со наслон наменета за вработените во договорниот орган, со мултифункционален механизам со две рачки со мрежа.<br><br>Наслон изработен од мрежа, мултифункционален механизам со две рачки, раконаслоник, пневматско подесување на висината, метална хромирана звезда, гумирани тркала, седиштето обложено со тврд огноотпорен сунгер, со мрежа, анатомски обликуван, тапацирана со мебел штоф_400 грама/м2, тестирана носивост од 110 кг, боја по избор на договорниот орган. |
| | Производител: 93 ДЕ НИ Компани<br><br>Земја на потекло: Македонија | |
| 4 | Набавка, транспорт и монтажа на фиксни столчиња за во сали за состаноци од метална конструкција санка, метална хромирана конструкција со дебелина минимум Ф22мм, дрвена едноделна школка со дебелина од минимум 10мм, | Набавка, транспорт и монтажа на фиксни столчиња за во сали за состаноци од метална конструкција санка, метална хромирана конструкција со дебелина Ф 22 мм, дрвена едноделна школка со дебелина од |

| | | |
|---|---|---|
| | тапацирана со еко кожа, тапацирани раконаслони. | 10 мм, тапацирана со еко кожа, тапацирани раконаслони. |
| | Производител: 93 ДЕ НИ Компани<br><br>Земја на потекло: Македонија | |
| 5 | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна шанк столица со наслон наменета за вработените во договорниот орган<br>-пневматско подесување на висината,<br>- метална хромирана звезда<br>-гумирани тркала<br>-седиштето и наслонот обложени со тврд огноотпорен сунгер со дебелина од минимум 50 мм, анатомски обликуван,<br>-тапацирано со мебел штоф најмалку 400 грама/м2,<br>-тестирана носивост од минимум 110 кг.<br>- можност за висинско подесување,<br>- боја по избор на договорниот орган. | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна шанк столица со наслон наменета за вработените во договорниот орган<br>-пневматско подесување на висината,<br>- метална хромирана звезда<br>-гумирани тркала<br>-седиштето и наслонот обложени со тврд огноотпорен сунгер со дебелина од 50 мм, анатомски обликуван,<br>-тапацирано со мебел штоф 400 грама/м2,<br>-тестирана носивост од 110 кг.<br>- можност за висинско подесување,<br>- боја по избор на договорниот орган. |
| | Производител: 93 ДЕ НИ Компани<br><br>Земја на потекло: Македонија | |
| 6 | - канцелариска закачалка за облека со метална конструкција<br>- модерен дизајн<br>- место за поставување на чадори<br>- висина минимум 170-175 см<br>- боја сива/црна<br>- куки за закачување (закачалки) минимум 6-8<br>- ногарки минимум 3 до 5 | - канцелариска закачалка за облека со метална конструкција<br>- модерен дизајн<br>- место за поставување на чадори<br>- висина 175 см<br>- боја сива/црна<br>- куки за закачување (закачалки) 8<br>- ногарки 5 |
| | Производител: 93 ДЕ НИ Компани<br><br>Земја на потекло: Македонија | |

**Напомена:Да се пополнат сите празни места во спротивно понудата ќе биде отфрлена**

ДЕЛ III - ФИНАНСИСКА ПОНУДА

| Р Б | Вид | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка, транспорт и монтажа на клуб фотељи од дрвена конструкција во комбинација со лесонит и иверка, обложена со тврд сунѓер со густина не помала од 30 кг/м3, тапацирана во еко кожа, боја по избор на договорниот орган, метални ногарки, со ракослони со дебелина од минимум 8см. | парче | 1 | 8.500 | 1.530 |
| 2. | Набавка, транспорт и монтажа на клуб двосед од дрвена конструкција во комбинација со лесонит и иверка, обложена со тврд сунѓер со густина не помала од 30 кг/м3, тапацирана во еко кожа, боја по избор на договорниот орган, метални ногарки, со ракослони со дебелина од минимум 8см. | парче | 1 | 15.000 | 2.700 |
| 3. | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна столица со наслон наменета за вработените во договорниот орган, со мултифункционален механизам со две рачки со мрежа.<br>Наслон изработен од мрежа, мултифункционален механизам со две рачки, раконаслоник, пневматско подесување на висината, метална хромирана звезда, гумирани тркала, седиштето обложено со тврд огноотпорен сунгер, со мрежа, анатомски обликуван, тапацирана со мебел штоф најмалку 400 грама/м2, тестирана носивост од минимум 110 кг, боја по избор на договорниот орган. | парче | 1 | 6.000 | 1.080 |
| 4. | Набавка, транспорт и монтажа на фиксни столчиња за во сали за состаноци од метална конструкција санка, метална хромирана конструкција со дебелина минимум Ф22мм, дрвена едноделна школка со дебелина од минимум 10мм, | парче | 1 | 6.500 | 1.170 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тапацирана со еко кожа, тапацирани раконаслони. | | | | |
| 5. | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна шанк столица со наслон наменета за вработените во договорниот орган<br>-пневматско подесување на висината,<br>- метална хромирана звезда<br>-гумирани тркала<br>-седиштето и наслонот обложени со тврд огноотпорен сунгер со дебелина од минимум 50 мм, анатомски обликуван,<br>-тапацирано со мебел штоф најмалку 400 грама/м2,<br>-тестирана носивост од минимум 110 кг.<br>- можност за висинско подесување,<br>- боја по избор на договорниот орган. | парче | 1 | 5.600 | 1.008 |
| 6. | - канцелариска закачалка за облека со метална конструкција<br>- модерен дизајн<br>- место за поставување на чадори<br>- висина минимум 170-175 см<br>- боја сива/црна<br>- куки за закачување (закачалки) минимум 6-8<br>- ногарки минимум 3 до 5 | | 1 | 3.800 | 684 |
| Вкупна цена на понуда | | | | 45.400 | 8.172 |

Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, без пресметан ДДВ, искажана со бројки изнесува 45.400 денари, односно искажана со букви изнесува Четириесет и пет илјади и четиристотини денари

Вкупниот износ на ДДВ на понудата изнесува 8.172 денари.

IV. Гарантен рок

**Гарантниот рок изнесува 24 месеци (не помалку од 24 месеци).**

ДА СЕ ПОПОЛНИ

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.

III.3. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.4. Ги прифаќаме начинот, местото и рокот за испорака на предметната стока, наведени во тендерската документација.

III.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.

**Напомена: Економскиот оператор задолжително ги пополнува сите празни полиња во табелата и во образецот на понуда со бараните податоци, во спротивно понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.**

**Економскиот оператор во цената на понудата треба да ги засмета сите трошоци кои ќе ги има за транспорт и монтажа на понудениот мебел.**

## Дел IV - СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:

IV.1. Нашата понуда е составена од следниве делови:

1. ОПШТ ДЕЛ,
2. ТЕХНИЧКА ПОНУДА,
3. ФИНАНСИСКА ПОНУДА,
4. ПРИЛОЗИ:

- Пополнет образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава за сериозност (Прилог 3),
- Изјава за докажување способност (Прилог 4) или Документи од точка 5.2 и Документи за докажување на способност од точка 5.4. и 5.5

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| Прилеп 17.01.2025 година | Даниела Димоска |
| | (потпис*) |

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**НАПОМЕНА: Доколку понудувачот понудата ја поднесува како група понудувачи, со подизведувач, користи способност од друг субјект или има доверливи информации, понудувачот во прилог на понудата ги доставува и другите барани прилози.